ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 ), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

**О Д Л У К А**
**за избор на административен службенк**
**по Интерен оглас бр.02/2023**

1.По инетерниот оглас 02/2023 објавен на ден 7.6.2023 година, за унапредување на административен службеник во Општина Гевгелија **се избира**:
- Рајна Дрланова**,** со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 02 од интерниот оглас, УПР 01 01 Г01 000 – Самостоен референт за човечки ресурси, во Одделението за управување со човечки ресурси;

2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.04-930/1 од 1.6.2023 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-930/2 од 1.6.2023 година, доставени од Градоначалникот на општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 7.6.2023 година објавен е Интерен оглас број 02/2023 на веб страната на Општина Гевгелија и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник, на работно место Самостоен референт за човечки ресурси, 1 (еден) извршител, во Одделението за управување со човечки ресурси.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-930/7 од 14.6.2023 година, на ден 20.6.2023 година, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе адинистративна селекција со Записник бр.04-930/9 и интервју со Записник бр.04-930/10.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на адмнистративен службеник изготви финална ранг-листа и предлог-одлука за избор и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Бр.04-988/2
21.6.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk